Број 4 Година XVI

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, март 2022

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за донесување на Деталниот урбанистички план за Градска четврт З 04, Блок З 04.05, Општина Карпош, Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за Градска четврт З 04, Блок З 04.05, Општина Карпош, Скопје, донесена на петата (вонредната) седница, одржана на 3 март 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1711/1**
**Датум:03.03.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 27, став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), а по добиената Согласност од Министерството за транстпорт и врски на РСМ-Сектор за уредување на просторот со архивски број 21-486/4 од 16.02.2022 година, Советот на Општина Карпош, на петата (вонредната) седница, одржана на 03 март 2022 година, донесе

## ОДЛУКА
**за донесување на Деталниот урбанистички план Градска четврт З 04, Блок З 04.05, Општина Карпош, Скопје**

### Член 1
Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план Градска четврт З 04, Блок З 04.05, Општина Карпош, Скопје. Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

### Член 2
Границите на планскиот опфат се дефинирани на следниот начин:

- на север границата започнува од најсеверната, односно најисточната точка 1 и се движи во јужен правец по оска на сервисна улица „С4“ (планиран профил на сервисна улица по Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт З 04), продолжува во западен правец по оска на сервисна улица „С3“ (планиран профил на сервисна улица по Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт З 04), сѐ до точка 8;

- на запад границата започнува од точка 8 и се движи во јужен правец по оска на сервисна улица „С3“ (планиран профил на сервисна улица по Регулацискиот план на ГУП на Град Скппје 2012-2022 за Четврт З 04), сѐ до најзападната точка 10;

- на југ границата започнува од најзападната точка 8 и се движи во источен правец по оска на сервисна улица „С1“ (планиран профил на сервисна улица по Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт З 04),сѐ до најјужна точка 11;

-

на исток границата започнува од најјужна точка 11 и се движи во северен правец по оска на градска магистрала Бул „8-ми Сепетмври“ (планиран профил на градска магистрала по ГУП на Град Скопје 2012-2022), сè до почетната точка 1.

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 6,313ha, односно 63128,2136m². Периметарот на планскиот опфат изнесува 1279,491 m’. Површината на Блок 3 04.05 во рамки на регулациската линија како што е дефинирана со Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт 3 04, изнесува 4.88 ha.

**Член 3**

Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени на просторот а тоа се следните:

- Б - Комерцијални и деловни намени,
- Д - Зеленило и рекреација,
- Е – Инфраструктура и површини наменети за сообраќајници

Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени на
просторот а тоа се следните:

- Б6.2 Спортски базени, пливалишта и скокалишта
- Б6.3 Хали за повеќе спортови
- Д2.1 Дрвореди и друго украсно и заштитно урбано зеленило
- Е1.1 Пешачки простори, улици и патеки
- Е1.1 Секундарни улични мрежи во населени места
- Е1.1 Примарни улични мрежи во населени места
- Е1.8 Трансформаторски станици и подстаници
- Е2.1 Бензински пумпи

Со планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,

-
намена на објектот,

-максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,

- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел ,
- Графички прилози,
- Основни параметри за уредување на просторот,
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-1656/3**
**Датум:03.03.2022 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАВАЧ
СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Зоран Крајевски, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за донесување на Деталниот урбанистички план Градска четврт З 04, Блок З 04.05, Општина Карпош, Скопје, со Заклучок за објавување

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци